| **Неделна Тема** | Светски ден на детето |
|---|---|
| **Содржина на денот** | Детски права |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Даниела Раичковиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за здравјето и безбедноста на детето. Родителот ја има првичната одговорност за безбедноста на детето. Пр. Кога детето е болно има право на помош и грижа што му е потребна. |
| **Активности** | Детски права<br>Се води разговор по слика со детето. Се посочува дека денес се одбележува СВЕТСКИОТ ден на детето секаде во светот,па по тој повод родителот му објаснува на детето какво значење има токму овој ден.Родителот разговара со детето и го запознава со значењето на конвенцијата на правата на децата и кажува дека сите деца во светот имаат исти права, исти вредности и дека секое дете има право на среќно и безгрижно детство.<br>Родителот му набројува на детето и му укажува дека е добро детето да си ги знае своите права.<br>Наједноставно е да му се објасни на детето дека семејството е значајно за неговиот развој и доброто на детето, се грижи за неговото здравје, му посочува дека ја има првичната одговорност за воспитување и безбедност на детето односно детето има право на добро воспитување. Секое дете има право да оди на училиште,да учи што е важно, дека детето може слободно да го искажува своето мислење и има право да биде слушнато и почитувано.<br>Ни родителите, ни воспитувачите, ниту било кој друг не смее да употребува сила врз детето, не смее да го тепа, малтретира или злоупотребува детето.<br>Секое дете има право на добар живот и ако е со пречки во развојот има |

| | |
|---|---|
| | право на дополнителна поддршка и помош.<br>Сите овие права возрасниот му ги објаснува на детето бидејќи детето има право да биде информирано и да ги дознае своите права.<br>На крајот треба да се напомене дека децата имаат свои права но исто така имаат и свои должности а тие се:<br>-Да се почитуваат и слушаат родителите и воспитувачите.<br>-Да се почитуваат другарчињата.<br>-Да бидеме примерни во своето однесување.<br>-Секогаш да се трудиме да научиме нови работи и да стекнеме нови искуства.<br>Откако ќе се запознаат со своите права и должности може да им предложите на лист од блок да ги нацртаат своите желби.<br>Може и да печатат со дланка во разни бои на веќе подготвени листови од блок или едноставно да го насликаат тоа што го чуствуваат во моментот. |